# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| | | |
|---|---|---|
| „Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXX<br>Број 18<br>Куманово<br>15 декември 2025 г. | Претплата за 2025 година изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |


676.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2025 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Куманово за 2025 година, Бр. 09 - 17801/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 11 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-17847/1
11 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

677.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 , Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на РМ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 159/2009, 95/2009, 180/2011, 171/2012, 192/2012, 192/2015, 167/2016, бр.151/21, 203/22, 76/24 и 3/25) Советот на Општина Куманово на 3 -тата седница одржана на 11.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Куманово**

За **2025** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаКуманово за 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 25.694.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **25.694.000** | **0** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 3.200.000 | 0 | 0 |
| 421130 | Ѓубретарина | 0 | 5.500.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 7.300.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 9.694.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **25.694.000** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Куманово со што станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година

Бр. 09-17801/3

Претседател на Советот на Општината

**Ивана Ѓорѓиевска**

678.

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 109 и 115 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија.,бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за невршење избор на директор на**

**Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово**

1. Градоначалникот на Општина Куманово НЕ ИЗВРШИ ИЗБОР на директор по поднесен Предлог-кандидат за директор на ООУ „Бајрам Шабани“ Куманово бр.03-307/1 од 6 август 2025 година од Училишниот Одбор на ООУ „Бајрам Шабани“ Куманово, заведен во Општина Куманово под бр.08-12208/2 од 6 август 2025 година, поради повреда на законските одредби за објавување на јавен оглас за избор на директор на основно училиште;

2. Решението стапува во сила од денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 115 од *Законот за основното образование* („Службен весник на Р.С.М.,бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Училишниот одбор на ООУ „Бајрам Шабани" Куманово, објавил јавен оглас за избор на директор на ова основно училиште. По спроведената постапка, Училишниот Одбор на ООУ „Бајрам Шабани" Куманово достави до Градоначалникот на Општина Куманово Предлог-кандидат за директор на ООУ „Бајрам Шабани" Куманово бр.03-307/1 од 6 август 2025 година, заведен во Општина Куманово под бр.08-12208/2 од 6 август 2025 година, и тоа за единствениот пријавен кандидат Фатмир Ебиби.

Градоначалникот на Општина Куманово го извести Училишниот Одбор на ООУ „Бајрам Шабани" Куманово со допис бр.22-12208/3 од 13 август 2025 година, дека не може да се произнесе по доставениот предлог поради *Одлуката на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија за распишување на локални избори 2025 година*, донесена на 9 август 2025 година, како и според *Законот за спречување на корупција и судир на интереси* („Службен весник на Р.М. бр.12/2029), се до завршување на изборите.

Според доставената документација на Предлог-кандидат за директор на ООУ „Бајрам Шабани" Куманово бр.03-307/1 од 6 август 2025 година, заведен во Општина Куманово под бр.08-12208/2 од 6 август 2025 година, Градоначалникот на Општина Куманово утврди повреда на законските одредби во објавената Одлука за распишување оглас за именување на директор на ООУ „Бајрам Шабани" Куманово бр.02-295/2 од 28.07.2025 година и тоа повреда на член 109, став 2, алинеја 5 *од Законот за основното образование* („Службен весник на Р.С.М.,бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), односно испуштен е еден од условите кои треба да ги поседува директор на основно училиште: да има потврда за проверка за познавање и користење на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, освен за наставниците по предметот македонски јазик.

Поради повреда на цитираната законска одредба за начинот на објавување на јавниот оглас за избор на директор на ООУ „Бајрам Шабани" Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

<u>**Правна поука**</u>: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08 – 12208/4
26 ноември 2025
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**679.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115 и 118 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавен оглас за избор на директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани" Куманово**

1. Училишниот Одбор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани" Куманово, да објави јавен оглас за избор на директор на ова училиште;

2. Во објавениот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор на основно училиште, потребната документација, времето на траењето на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.
3. Јавниот оглас да се објави во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
4. По објавувањето на јавниот оглас од ова Решение, Градоначалникот на Општина Куманово писмено да биде известен за објавениот јавен оглас.

Решението стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08 – 17241/1
1 декември 2025
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**680.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1 и член 116, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и Неотповиклива оставка од Мемет Бајрами бр.03-256 од 09.12.2025, заверена во Општина Куманово под бр.08-17739/1 од 09.12.2025 година, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за престанок на должност вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Јероним Де Рада“ с.Черкезе Куманово**

1. На вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Јероним Де Рада“ с.Черкезе Куманово, Мемет Бајрами, се констатира престанок на должност вршител на должност директор поради негово лично барање;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово бр.08-10383/1 од 25.06.2025 година;
3. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.08-10383/1 од 25.06.2025 година, Мемет Бајрами беше именуван за вршител на должност директор на ООУ „Јероним Де Рада“ с.Черкези Куманово, со времетраење до 6 месеци, согласно Законот за основното образование. Поради поднесена неотповиклива оставка од должноста вршител на должност директор на ООУ „Јероним Де Рада“ с.Черкези Куманово, поднесена до Градоначалникот на Општина Куманово бр.03-256 од 09.12.2025, заверена Општина Куманово под бр.08-17739/1 од 09.12.2025 година, Градоначалникот согласно наведените законски одредби за надлежностите на Градоначалник на Општина, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. УП1 08 – 17739/2
11 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

681.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02"), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" Бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Јероним Де Рада" с.Черкези Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Фатмир Елези**, дипломиран професор по одделенска настава, вработен во ООУ „Јероним Де Рада" с.Черкези Куманово како одделенски наставник, за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Јероним Де Рада" с.Черкези Куманово;
2. Мандатот на вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалник на Општина Куманово бр.08-17739/2 од 11.12.2025 година, беше констатиран престанок на мандат на директор на ООУ „Јероним Де Рада" с.Черкези поради лично барање на Мемет Бајрами. Со цел непречено функционирање на училиштето, потребно е да се именува нов вршител на должност директор до избор на директор, согласно Законот за основно образование. Постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. УП1 08 – 17918/1
12 декември 2025 година
Куманово/Kumanovë

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**676.** Заклучок за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2025 година....................... 1038

**677.** Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2025 година....................... 1039

**678.** Решение за невршење избор на директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово........................................................ 1039

**679.** Решение за објавување на јавен оглас за избор на директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово....................... 1040

**680.** Решение за престанок на должност вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Јероним Де Рада“ с.Черкезе Куманово..................................... 1041

**681.** Решение за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Јероним Де Рада“ с.Черкези Куманово .......................................................... 1042